Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- Сектор за Буџети и фондови -

Архивски број: 08- 4060/1
Датум: 12 -06- 2020 2020 година

До: ______________________________

Предмет: Доставување на Буџетски циркулар за 2021 година

Почитувани,

Министерството за финансии до буџетските корисници на централната власт и фондовите доставува инструкции во форма на Буџетски циркулар заради доставување на барање за изготвување на Предлог буџетот. Врз основа на доставените Буџетски барања од буџетските корисници, Министерството за финансии ќе пристапи кон подготовка на Предлог Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Имајќи ја предвид актуелната состојба поврзана со пандемијата со корона вирусот и последиците на оваа здравствена криза врз економијата во целина, при подготовка на буџетските барања за 2021 година, буџетските корисници треба да ги почитуваат начелата на економичност и рационалност во трошењето на буџетските средства и спроведување на дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци и нивно сведување на минимум.

Како и претходните години, буџетските барања за 2021 година ќе се пополнуваат електронски, преку апликацијата Е-циркулар, достапна на следниот линк: https://ecirkular.finance.gov.mk/. Буџетските барања се доставуваат до Министерството за финансии на два начина: во електронска форма преку апликацијата Е-циркулар и во печатена форма, со потпис на раководното лице и печат на институцијата. Во печатена форма се доставуваат и дополнителните обрасци, креирани во Excel формат и внесени во апликацијата Е-циркулар. Подетални инструкции за начинот на пополнување и доставување на буџетските барања се дадени во Насоките за подготовка на Предлог буџетската пресметка за 2021 година.

**Имајќи ја предвид сеуште присутната непредвидливост на развојот на здравствената пандемија во глобални рамки, времетраењето на овој шок од неекономска природа и импликациите врз буџетските приходи и економијата во целина, Ве известуваме дека вашето Предлог буџетско барање за 2021**


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 526
www.finance.gov.mk

**година треба да биде изготвено во рамки на максималните износи на расходи, утврдени на ниво на одобрените средства со Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.**

**За оние буџетски корисници каде беше предвидена Потпрограмата П1 - Мерки за справување со Covid 19 кризата, максималните износи на расходи се утврдени на ниво на одобрените средства со Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, намалени за износот на одобрените средства во оваа потпрограма.**

**Доколку одредени проекти буџетските корисници ги завршиле во тековната година, средствата кои биле одобрени за нивна реализација во тековниот буџет не треба да се вклучат во рамки на максималните износи на расходи за 2021 година, односно буџетското барање за 2021 година треба да биде помало за износот и на овие средства.**

Согласно член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор, буџетските корисници од прва линија се должни заедно со предлогот на буџетското барање да го достават на согласност и предлог Годишниот план за вработување за 2021 година.

Предлогот на буџетското барање изготвено во рамките на максимално утврдените износи на расходи, заедно со предлог Годишниот план за вработување за 2021 година, Стратешкиот план и соодветно текстуално и аргументирано образложение за висината на бараните средства, потребно е да го доставите писмено и електронски, до Министерството за финансии-Сектор за буџет и фондови, **најдоцна до 1 септември 2020 година.** Стратешкиот план кој е составен дел на буџетското барање треба да содржи квантифицирани програми, активности, цели и приоритети, усогласени со буџетското барање.

За буџетските корисници на централната власт и фондовите кои буџетското барање нема да го доставаат во наведениот рок или пак доставаат некомплетно буџетско барање кое не содржи стратешки план, Министерството за финансии во нивно име ќе изготви предлог на буџет.

По приемот на пополнетите обрасци, дополнително ќе бидете известени за усогласувањето на Вашето предлог буџетско барање за 2021 година.

Со почит,

Министер за финансии
д-р Нина Ангеловска

**ПРИЛОГ: Насоки за подготовка на Предлог буџетската пресметка за 2021 година**

Изготвил: Тоше Пановски
Проверил: Тања Трипунова/Аница Иваноска Стрезовски
Одобрил: м-р Јулијана Петановска


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 526
www.finance.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**
- Сектор за Буџети и фондови -

# НАСОКИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ БУЏЕТСКАТА ПРЕСМЕТКА ЗА 2021 ГОДИНА

**Скопје, јуни 2020 година**

# ВОВЕД

Министерството за финансии до буџетските корисници на централната власт и фондовите доставува инструкции во форма на Буџетски циркулар заради доставување на барање за изготвување на Предлог буџетот (во натамошниот текст Циркулар). Во циркуларот се содржани насоките за подготвување на предлог буџетските барања и упатствата за едноставно и правилно пополнување на барањето и обрасците. Врз основа на доставеното буџетско барање и пополнетите обрасци од буџетските корисници, Министерството за финансии ќе пристапи кон подготовка на Предлог Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Имајќи ја предвид актуелната состојба поврзана со пандемијата со корона вирусот и последиците на оваа здравствена криза врз економијата во целина, при подготовка на буџетските барања за 2021 година, буџетските корисници треба да ги почитуваат начелата на економичност и рационалност во трошењето на буџетските средства и спроведување на дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци и нивно сведување на минимум.

**Раководителите на буџетските корисници се обврзани предлогот на буџетско барање да го достават до Министерството за финансии најдоцна до 1 септември 2020 година. За буџетските корисници кои не доставиле буџетско барање во предвидениот рок, Министерството за финансии во нивно име ќе изготви предлог на буџет.**

**Согласно член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор, буџетските корисници од прва линија се должни заедно со предлогот на буџетското барање да го достават на согласност и предлог Годишниот план за вработување за 2021 година.**

**Кон буџетското барање задолжително треба да се приложи Годишниот план за вработување за 2021 година, Стратешкиот план и текстуално аргументирано образложение за износот на бараните средства.**


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 526
www.finance.gov.mk

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија претставуваат збир на цели и иницијативи кои буџетските корисници на централната власт и фондовите задолжително ги вклучуваат во своите буџети преку владини програми и потпрограми.

Буџетските корисници изготвуваат тригодишен стратешки план во кои се содржани програмите и активностите за остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, како и целите и приоритетите на буџетскиот корисник за истиот период. Стратешките планови на буџетските корисници треба да содржат квантифицирани програми, активности, цели и приоритети на буџетските корисници за тригодишниот период, конзистентни со предлог буџетското барање. Стратешките планови на буџетските корисници се составен дел од буџетското барање на буџетскиот корисник кое се доставува до Министерството за финансии.

При подготовка на буџетското барање, буџетските корисници се упатуваат да обезбедат континуитет во остварувањето на стратешките приоритети, доколку активностите кои што тие ги реализираат сеуште се во функција на остварување на истите. Средствата наменети за остварување на стратешките приоритети, буџетските корисници се должни да ги обезбедат во рамките на максимално утврдените износи на расходи за 2021 година.

Владата на Република Северна Македонија останува на утврдениот курс за остварување на стратешките приоритети и тоа:

- развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните;
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата;
- јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа;
- реформи во образованието и инвестирање во иновации и информатичка технологија;
- реформи во правосудството;
- целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор и градење на граѓанска држава и етничка кохезија врз принципи; и
- намалување на аерозагадувањето.


Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3255 526 www.finance.gov.mk

# МАКСИМАЛНИ ИЗНОСИ НА РАСХОДИ

Во текот на 2020 година светот се соочи со една од најголемите економски кризи како резултат на здравствената пандемија. На глобално ниво постои голема неизвесност околу времетраењето и интензитетот на овој шок од неекономска природа и соодветно на тоа се неизвесни импликациите врз глобалната и македонската економија. Владата на Република Северна Македонија презема низа економски мерки за ограничување на општественото и економското влијание од здравствената криза преку заштита на ликвидноста на компаниите, зачувување на работните места и обезбедување на социјална заштита на невработените лица и домаќинствата.

Економската активност поради спроведување на здравствените мерки беше намалена и имаше соодветно влијание врз буџетските приходи во 2020 година. Расходната страна на Буџетот имаше зголемени потреби во здравствениот сектор и социјалната заштита, потреба од зголемена поддршка на стопанството и граѓаните и дополнително таргетирани мерки за ревитализација на економијата во фазата на постепено релаксирање на здравствените мерки. Во посткризниот период мерките ќе бидат насочени кон дополнителна поддршка на стопанството за заштита на ликвидноста и работните места, зголемување на конкурентноста, продуктивноста и модернизирање на опремата и процесите.

**Имајќи ја предвид сеуште присутната непредвидливост на натамошниот развој на здравствената пандемија во глобални рамки, времетраењето на овој шок од неекономска природа и импликациите врз буџетските приходи и економијата во целина, Ве известуваме дека Предлог буџетското барање треба да биде изготвено на ниво на одобрените средства со Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, намалени за износот на одобрените средства во Потпрограмата П1 - Мерки за справување со Covid 19 кризата, за оние буџетски корисници каде беше предвидена оваа потпрограма. Доколку одредени проекти буџетските корисници ги завршиле во тековната година, средствата кои биле одобрени за нивна реализација во тековниот буџет не треба да се вклучат во рамки на максималните износи на расходи за 2021 година, односно буџетското барање за 2021 година треба да биде помало за износот на овие средства.**


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 526
www.finance.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- Сектор за Буџети и фондови -

# УПАТСТВО И НАСОКИ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИОТ ЦИРКУЛАР ЗА 2021 ГОДИНА

## АПЛИКАЦИЈА Е - ЦИРКУЛАР

Буџетските барања за 2021 година ќе се пополнуваат електронски, преку апликацијата Е-циркулар, достапна на следниот линк: https://ecirkular.finance.gov.mk/.

Буџетските корисници кои се веќе регистрирани во апликацијата Е-циркулар ги користат постојните лозинки за влез во апликацијата и начинот на пополнување на буџетското барање е идентичен како и претходната година.

Буџетските корисници кои не се регистрирани во апликацијата Е-циркулар се должни да извршат електронска регистрација и до Министерството за финансии да достават Барање за активација на корисничка сметка. При регистрација во системот, буџетскиот корисник внесува даночен број на субјектот, име и презиме на одговорното лице за пополнување на буџетското барање, е-маил адреса и лозинка за влез. Називот на буџетскиот корисник се прикажува автоматски, врз основа на внесениот даночен број. Откако буџетскиот корисник ќе се регистрира, на внесената е-маил адреса ќе му биде испратено Барањето за активација на корисничката сметка, кое е потребно во писмена форма да се достави до Министерството за финансии. Откако одговорниот буџетски аналитичар во Министерството за финансии ќе го разгледа и одобри Барањето, буџетскиот корисник ќе добие електронска потврда, по што ќе биде во можност да се најави во апликацијата Е-циркулар со претходно одбраната лозинка и да започне со пополнување на буџетското барање.

**ПРОФИЛ:** По извршената регистрација и најава во апликацијата Е-циркулар, буџетските корисници најпрво ги пополнуваат податоците во овој дел кои се однесуваат на основните надлежности и функции на буџетскиот корисник, а потоа се пристапува кон пополнување на Буџетското барање. Во овој дел, буџетските корисници даваат општи податоци со краток опис на надлежностите, основните цели и функции, приоритетите и планираните активности за 2021 година, постигнатите резултати во 2020 година и очекуваните резултати во 2021 година. Буџетските корисници треба да ги презентираат главните цели и приоритети согласно стратешкиот план.

**ВНЕС НА БУЏЕТ:** Во овој дел, преку полето **"Нов запис„** се внесуваат планираните приходи и расходи за период од три години, по видови сметки (637, 631, 787, 785, 786, 660) и за сите видови на потпрограми (владини, буџетски и развојни). Износите се внесуваат во полн износ, што ќе завршува со три нули. Приходите се прикажуваат на ниво на приходни потставки, а расходите на ниво на расходни ставки.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 526
www.finance.gov.mk

Буџетското барање задолжително треба да биде доставено во рамките на максималните износи на расходи за соодветната фискална година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПОТПРОГРАМА:** Програмата е збир од поврзани сродни активности и проекти насочени кон остварување на заедничка цел или цели, додека потпрограмата е активност или проект кој е составен дел од програмата.
Во овој дел, преку полето **"Нов запис„** треба да се образложат сите потпрограми (буџетски, развојни, владини) преку краток опис на целта на потпрограмата и активностите која истата ги опфаќа.

**ИНДИКАТОР ПРОГРАМА:** Во овој дел, преку полето **"Нов запис„** се внесуваат аутпут индикатори за остварување за секоја одделна програма, преку кои ќе се овозможи мерење на резултатите од реализацијата на програмите, како и оправданоста на алоцираните средства во истите. Најпрво се врши избор на соодветната програма, а потоа се внесува образложение за индикаторот и се дефинира назив на самиот индикатор кој треба да биде мерлив (квантитативен). Индикаторот се внесува за период од 5 години, односно за 2019 година (Тековна-1), 2020 година (Тековна), 2021 година (Тековна +1), 2022 година (Тековна +2) и 2023 година (Тековна+3). За секоја програма може да се внесат максимум по 3 аутпут индикатори. Со чекирање на полето кај соодветниот индикатор, буџетскиот корисник е должен да одбере најмалку 1, а најмногу 3 од вкупно внесените аутпут индикатори (за сите програми) кои ќе ги означи како најрелевантни за самата институција.
Индикаторите треба да се фокусираат на клучните активности на програмата и би требало да ја мерат нејзината најважна активност. Аутпут индикаторите не се развиваат за да известуваат за секоја активност која што се извршува со програмата, туку треба да се фокусираат на најважните цели кои се постигнуваат со програмата, нивната поврзаност со стратешкиот план и како се трошат алоцираните средства од програмата.

**ПРОГРАМА И ПОТПРОГРАМА:** Буџетските програми претставуваат главна активност или група на активности кои се извршуваат согласно обврските утврдени со закон и друга правна регулатива. Сите активности на еден буџетски корисник кои не се идентификувани како владини програми, треба да се прикажат преку буџетски програми.
Програмската класификација претставува структура на шифри за класифицирање на програмите и потпрограмите утврдени со буџетот. При подготовка на буџетските барања за 2021 година буџетските корисници се обврзани да го користат истиот начин на прикажување на своите активности преку буџетски и владини програми, како и во претходните години, односно владините програми се обележуваат со буква, а буџетските програми со цифра. Развојните потпрограми кои се составен дел на владините програми се

обележуваат со две букви, додека развојните потпрограми кои се составен дел на буџетските програми се обележуваат со цифра и буква.
Во овие два дела, преку полето "**Нов запис„** буџетските корисници имаат можност да предлагаат нови програми/потпрограми и соодветно да ги обележат. Во полето „Програма„ се внесува кодот на програмата (бројка или буква) и нејзиниот назив, додека во полето „Потпрограма„ се избира соодветната Програма, се внесува кодот на Потпрограмата (втората ознака, бројка или буква) и нејзиниот назив. Овде корисникот има преглед на сите до сега креирани програми и потпрограми, кои воедно му стојат на располагање при подготовка на буџетското барање за 2021 година. Креирањето на нови програми и потпрограми треба да биде само во случај кога постојните се несоодветни за одредена активност.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ОБРАСЦИ

**СИСТЕМАТИЗИРАНИ И ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА:** Во овој образец се внесуваат податоци за работните места предвидени во актот за систематизација, бројот на систематизираните работни места, бројот на пополнетите работни места, планираниот број на пензионирања во тековната година за секое работно место и месецот на пензионирање.

**ИНДИКАТИВЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ:** Во овој образец се внесуваат податоци за описот/видот на јавната набавка, проценетата вредност на договорот/проектот, по години, како и потпрограмата, сметката и расходната ставка од која ќе бидат обезбедени средствата. Доколку одреден проект се реализира во тек на повеќе години, потребно е да се наведат износите за секоја година поодделно, додека за јавните набавки кои се планираат за реализација на годишно ниво, потребно е да се прикажат износите само за 2021 година.
При пополнување на овој образец, буџетските корисници треба да ги имаат во предвид утврдените максимални износи на расходи за 2021 година.

**ПОВЕЌЕГОДИШНИ КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ:** Во овој образец се внесува финансиската конструкција за капиталните проекти кои буџетските корисници веќе ги реализираат или планираат да ги реализираат во тек на повеќе години. Капиталните проекти треба да бидат прикажани поединечно, според потпрограмата во која истите се опфатени и изворите на нивно финансирање (буџет, сопствени, донации, кредити). Ова би значело дека доколку во рамки на една потпрограма се реализираат повеќе проекти, истите треба да се прикажат засебно. За секој капитален проект се презентираат следните податоци: датумот на склучување на договорот за започнување со реализација на капиталниот проект, крајниот рок за негово целосно завршување, вкупната вредност на проектот со ДДВ и вклучен надзор, вкупната реализација до 31.12.2019 година, како

и планираните средства за наредните години, се до целосното завршување на Проектот.

**РОДОВО БУЏЕТСКИ ИНИЦИЈАТИВИ:** Родово одговорно буџетирање претставува алатка преку која се овозможува при креирањето и спроведувањето на политиките, програмите и буџетите да се земат предвид различната положба на жените и мажите и различните предизвици со кои тие се соочуваат, истовремено создавајќи услови во креирање на поефикасни програми и поцелисходно трошење на јавните средства.
Согласно Стратегијата за родово одговорно буџетирање (РОБ), а во пресрет на потребите од вклучување на родовата димензија при буџетското планирање, родово буџетските иницијативи претставуваат дел од активностите на буџетските корисници.
Буџетските корисници кои во рамките на сопствениот буџет анализираат програми/активности од родов аспект, доставуваат назив на родовата иницијатива, краток осврт и цели на предлогот, како и предлог Буџет за реализација на иницијативата за период 2021-2023 година.
Дополнително на ова, за избраната родово буџетска иницијатива се утврдува полово разделен индикатор, чија вредност се прикажува за среднорочен период.

**РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИ И БЛОК ДОТАЦИИ ПО ОПШТИНИ:** Во овој образец, буџетските корисници кои што пренесуваат надлежности на општините потребно е вкупниот износ на наменските и блок дотациите за пренесените надлежности да го прикажат по општини. Напоменуваме дека средствата наменети за пренесените и делегираните надлежности кои се трансферираат на локално ниво се вклучени во рамките на максимално утврдените износи на расходи.

Дополнителните обрасци се преземаат од апликацијата Е-циркулар, во делот **„Обрасци„** и по нивното пополнување буџетските корисници повторно ги прикачуваат во самата апликација, преку полето **„Browse”** и **“Upload”**. Буџетските корисници не треба да го преименуваат називот на Excel документот, односно треба да го прикачат со истиот назив како што бил при неговото преземање од апликацијата Е-циркулар. Образецот за индикативниот план за јавни набавки и Образецот за систематизирани и пополнети работни места се задолжителни за сите буџетски корисници, додека пак останатите обрасци ги пополнуваат буџетските корисници кои имаат повеќегодишни капитални проекти, родово буџетски иницијативи или пак вршат распределба на наменски и блок дотации.

По целосно пополнување на Буџетското барање согласно горенаведените насоки, буџетскиот корисник го поднесува барањето електронски до Министерството за финансии, преку полето **„Поднеси Циркулар„**. Вака поднесеното Барање се доставува и во печатена верзија, со потпис на раководното лице и печат на

институцијата. Печатената верзија се обезбедува од самата апликација Е-циркулар, преку полето **„Печати барање„**.
Буџетското барање отпечатено од апликацијата Е-циркулар не ги опфаќа дополнителните обрасци. Истите треба да се отпечатат во Excel формат и да се доставаат во печатена форма, заедно со испечатеното буџетско барање преку апликацијата Е-циркулар.

**Детални технички инструкции во врска со употребата на апликацијата Е-циркулар може да се најдат во Упатството за употреба на корисниците прикачено на самата апликација.**


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 526
www.finance.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

- Сектор за Буџети и фондови -

**Прилог 1**

## ПРЕДЛОГ ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ

| Програма | Потпрограма | Назив |
|---|---|---|
| **А** | | **Децентрализација** |
| | А0 | Децентрализација |
| | А2 | Пренесување на надлежности на ЕЛС |
| **Б** | | **Мерки за намалување на сиромаштијата** |
| | Б4 | Минимална плата |
| | Б5 | Субвенционирање на придонеси за поддршка на плати |
| | БА | Поттикнување на вработувањето |
| **В** | | **Унапредување на одбраната и безбедноста** |
| | ВА | Интеграција во НАТО |
| **Г** | | **Јакнење на владеењето на правото** |
| | Г1 | Борба против корупција и организиран криминал |
| | Г2 | Борба против трговија со луѓе и илегална миграција |
| **Д** | | **Економски развој** |
| | Д0 | Поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи |
| | Д4 | Економска промоција |
| | Д5 | Привлекување на странски директни инвестиции и развој на слободната економска зона |
| | Д6 | Поддршка на инвестициони вложувања |
| | Д7 | Унапредување на деловните активности |
| | Д8 | Унапредување на локална и регионална конкурентност во областа на туризмот |
| | Д9 | Финансиска поддршка на инвестициите |
| | ДА | Инвестиции во железничката инфрастуктура |
| | ДВ | Технолошки индустиски развојни зони |
| | ДГ | Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија |
| **К** | | **Реформа на јавната администрација** |
| | К2 | Стручно оспособување и усовршување |
| | К5 | Соодветна и правична застапеност на заедниците |


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 526
www.finance.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| | К6 | Реформа на јавната администрација |
| **М** | | **Интеграција во ЕУ** |
| | МА | Помош при транзиција и институционална надградба |
| | МБ | Прекугранична соработка |
| | МВ | Регионален развој |
| | МГ | Развој на човечки ресурси |
| | МД | Рурален развој |
| | МЕ | Инструмент за претпристапна помош - ИПА2 |
| **Н** | | **Информациски и комуникациски технологии** |
| | Н1 | Радиодифузна дејност |
| | НА | Развој и имплементација на ИКТ |
| **О** | | **Регионален развој** |
| | ОА | Рамномерен регионален развој |
| **П** | | **Мерки за справување со Covid 19 кризата** |
| | **П1** | Мерки за справување со Covid 19 кризата |
| **С** | | **Унапредување на животната средина** |
| | С1 | Унапредување на животната средина |
| | С4 | Програма за намалување на аерозагадувањето |
| **Т** | | **Инвестиции во образованието** |
| | ТА | Изградба на основни училишта |
| | ТБ | Реконструкција на основни училишта |
| | ТВ | Изградба на училишни спортски сали во основни училишта |
| | ТГ | Изградба на средни училишта |
| | ТД | Реконструкција на средни училишта |
| | ТЕ | Изградба на училишни спортски сали во средни училишта |
| | ТИ | Реконструкција на ученички домови |
| | ТК | Изградба и реконструкција на студентски домови |